# ХИДРОГЛЕТ В

*Смеса за израмнување на внатрешни ѕидни и плафонски површини, изведени од бетон, малтер или од гипс-картонски плочи. Изработена на варова основа*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

За израмнување (глетување) на внатрешни ѕидни и плафонски површини, изведени од бетон, малтер или гипс картон, за нанесување во слоеви со дебелина на еден слој до 1-2 mm. Хидроглет В претставува одлична подлога за дисперзивните бои. Белата боја на овој производ е од посебно значење кај површините, кои треба да се пребојуваат во светли бои.

## СВОЈСТВА

- еднокомпонентен прашкаст материјал;
- едноставен за подготовка со вода;
- добра атхезија за подлогата;
- долго отворено време за вградување и обработка на свежиот слој;
- паропропусен;
- добра површинска јакост;
- едноставен за изведба;
- лесна обработка по сушење;
- одлична подлога за внатрешна боја.

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | МЕТОД | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|
| Изглед | - | фина бела прашкаста маса |
| Водоматеријален фактор W/M | - | 0,40-0,43 |
| Волуменска маса во свежа состојба | | 1,55- 1,65g/cm³ |
| Дебелина на слојот | - | во еден слој 1-2mm вкупна дебелина до 3 mm |
| Време на сушење на температура од 20˚C, релативна влажност од 65 % | EN ISO 1517 | целосно сушење на еден слој е 12 часа |
| Обработка на сув материјал | - | по 24h |

## МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗВЕДБА

**ПОГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА**

Подлогата треба да биде здрава, сува, чиста, обезмастена и обеспрашена, без лабилни позиции и мувла. Новите вградени малтери, при нормални услови, на суво време, температура од 20°C и релативна влажност на воздухот од 65%, потребно е да исушат најмалку 1 ден за секој mm од дебелината. Доколку се нанесува на постоечки премаз од дисперзивна боја или вар, потребно е постоечкиот премаз да има добра адхезија за подлогата. Постоечките премази од бои на база на растворувачи, мрсни бои и лакови не се соодветна подлога за израмнување со внатрешна глет маса, поради што овие премази треба претходно да се отстранат од подлогата, а потоа да се изведува обработката. Површините со појава на мувла, потребно е да се исчистат и дезинфицираат, пред нанесувањето на Хидроглет В. Температурата на подлогата треба да биде од +10 C до +30 C.

СМЕСИ ЗА ИЗРАМНУВАЊЕ



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Република Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

**ВГРАДУВАЊЕ**

Хидроглет-В се подготвува со 8-8,5l чиста вода за една вреќа од 20kg (2,0-2,1l за вреќа од 5kg), при што смесата постојано се меша до потполна хомогенизација. Вградувањето е со мазна глетарка или шпахтла, во два до три слоја, со дебелина на слојот од 1-2mm. Вкупната дебелина на слоевите не треба да биде поголема од 2-3 mm. По целосно врзување на секој слој, површините дополнително се обработуваат со фина шмиргла. Оптималната температура при вградување треба да биде од 10-30°C, а релативната влажност на воздухот не поголема од 70%.

## ПОТРОШУВАЧКА

За слој од 1mm (подготвен материјал): ~1.6kg/m²
За слој од 1mm (сув материјал): 1.15-1.25kg/m²

## ЧИСТЕЊЕ

Алатот и опремата се чистат со вода.

## ПАКУВАЊЕ

Вентил вреќа од 5 и 20kg

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории на температура од 5-35°C . Рок на употреба: 12 месеци.

<u>Опасност по здравјето</u>: Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата и вдишување на прашкастиот материјал. Материјалот не е токсичен, но при инцидентен контакт, во случај да се контаминираат површини на кожата, истите места треба веднаш да се измијат со вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со многу вода и да се побара медицинска помош. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
<u>Пожар</u>: Хидроглет В е незапалив. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
<u>Чистење и депонирање</u>: Неврзани остатоци од Хидроглет В се чистат со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип на отпад.





ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Република Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk